Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со член 8 став (1) точка 13 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018) и член 10 став (2) од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 16/2015 и 179/2017), во постапка на одобрување на стандарден Договор за засновање претплатнички однос за пристап и користење на јавна комуникациска мрежа и јавно достапни електронски комуникациски услуги на операторот МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје со адреса „Кеј 13-ти Ноември" број 6, Скопје, доставен со арх. бр. 09-103798/1 од 16.02.2018 година (Наш бр. УП1-бр.-1605-64 од 20.02.2018 година), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 21.02.2018 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

I

**СЕ ОДОБРУВА** стандарден Договор за засновање претплатнички однос за пристап и користење на јавна комуникациска мрежа и јавно достапни електронски комуникациски услуги на операторот МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје со адреса „Кеј 13-ти Ноември" број 6, Скопје, доставен со арх. бр. 09-103798/1 од 16.02.2018 година (Наш бр. УП1-бр.-1605-64 од 20.02.2018 година).

II

Ова решение ќе се применува во рок од два дена од денот на приемот на истото.

III

Ова решение е конечно.

## О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со член 17 од Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 179/2017 од 07.12.2017 година), а во врска со член 8 став (1) точка 13 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018) и член 10 став (2) од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 16/2015 и 179/2017), операторот МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје до Агенцијата за електронски комуникации со допис арх. бр. 09-14446/1 од 09.01.2018 година (Наш бр. УП1-бр.-1605-64 од 12.01.2018 година) достави на одобрување Договор за засновање претплатнички однос за пристап и користење на јавна комуникациска мрежа и јавно достапни електронски комуникациски услуги.

Во постапката на одобрување на доставениот Договор за засновање претплатнички однос за пристап и користење на јавна комуникациска мрежа и јавно достапни електронски комуникациски услуги, Агенцијата за електронски комуникации утврди дека истиот не е усогласен во целост со одредбите од член 107 став (1) точка б), г) и д) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018) и членовите 14, 15, 17, 18, 20, 22, 27, 28, 29 и 30 од Правилникот за видот и содржината и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски

услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“, број 16/2015 и 179/2017).

Заради наведените забелешки, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе Решение УП1-број-1605-64 од 03.02.2018 година со кое операторот МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје беше задолжен да го усогласи Договорот за засновање претплатнички однос за пристап и користење на јавна комуникациска мрежа и јавно достапни електронски комуникациски услуги со одредбите од Законот за електронските комуникации и Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации и во рок од 10 дена од денот на приемот на решението да го достави на одобрување до Агенцијата за електронски комуникации.

Операторот МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје со допис арх. бр. 09-103798/1 од 16.02.2018 година достави на одобрување изменета и дополнета верзија на Договор за засновање претплатнички однос за пристап и користење на јавна комуникациска мрежа и јавно достапни електронски комуникациски услуги.

Во постапката на одобрување, Агенцијата за електронски комуникации констатираше дека операторот постапил по сите забелешки и дека доставениот Договор за засновање претплатнички однос за пристап и користење на јавна комуникациска мрежа и јавно достапни електронски комуникациски услуги е усогласен со одредбите на Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“, број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018) и Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“, број 16/2015 и 179/2017).

Со оглед на ова, а во согласност со член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со член 8 став (1) точка 13 и член 107 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“, број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото**.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
УП1- број -1605-64
Скопје, 01. 03. 2018 година

Изработил: д-р Славица Настеска
Раководител на одделение: Славица Поповска
Овластен од Директор
Раководител на сектор: Валентин Ѓуровски
Советник: Горан Колевски

**Директор**
Сашо Димитријоски

Доставено до: архива,оператор

Член 16

Завршни одредби

Овој Договор се смета за склучен од денот на потпишувањето од двете договорни страни.

Овој Договор влегува во сила со денот на активирањето на јавната комуникациска услуга, предмет на овој Договор, од кога и почнуваат обврските за плаќање на надоместоците за користењето на услугата.

Времетраењето на услугите кои се обезбедуваат врз основа на овој Договор е утврдено со соодветен Анекс/Прилог кон овој договор.

Со потпишување на овој Договор, Претплатникот потврдува дека е запознаен со Општите услови и Ценовникот на Операторот, кои ќе се применуваат за сите околности кои не се предвидени во овој Договор.

Како составен дел на овој Договор се сметаат и обрасците и анексите кон Договорот кои ги пополнува, односно потпишува Претплатникот заради активирање и деактивирање на комуникациските услуги и заради утврдување и менување на тарифниот модел, како и електронските записи од евиденцијата на Операторот за извршено активирање и деактивирање на комуникациските услуги и менување на тарифен модел/пакет по електронски пат.

Член 17

Решавање спорови

Сите спорови настанати во врска со спроведувањето на овој Договор ќе се решаваат спогодбено и на пријателски начин. Доколку настанатиот спор не може да се разреши на начин предвиден во ставот 1 од овој член, за него ќе решава стварно и месно надлежен суд во Скопје.

Член 18

Примероци на Договорот

Овој Договор е склучен во 2 (два) еднакви примерока, по еден за секоја договорна страна.

ПРЕТПЛАТНИК

ОПЕРАТОР

**T · · ·**

**СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА**

# Анекс

## за користење на 3 Max _________ пакет услуги

Архивски број:

Бар код:

Пополнува овластено лице од Македонски Телеком АД - Скопје

Во евиденција бр.
На ден:

Место:
Вработен:

Претплатничка ознака / Телефонски број

Конто број

Вид на услуга 3 Max________ пакет услуги

Период на користење

Цена и начин на плаќање на еднократен надомест
Во готово
На прва телефонска сметка
На рати преку телефонска сметка

Во готово
На прва телефонска сметка

Цена и начин на плаќање на месечниот надомест
*
*
*

*Во цената за месечниот надомест е вклучена и месечната претплата за користење на фиксната јавна телефонска мрежа.

Сите цени се изразени во денари со вклучен ДДВ.

Опремата на мрежна завршна точка е во сопственост на Македонски Телеком АД – Скопје.
Претплатникот купува USB модем за користење на услугата мобилен интернет по намалена цена со 100% попуст на редовната цена која изнесува 2.299 денари.

Основни податоци за претплатникот
**Назив / Име и презиме**
**ЕДБ МК и ЕМБС / ЕМБГ**
**Жиро с-ка / Бр. на Л.К.**
**Депонент банка**

Адреса на инсталација
Улица
Број
Место / Општина

Корисничко име
Лозинка

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ**
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Контакт центар +389 2 122, +389 70 122
E-Mail: kontakt@telekom.mk | Internet: www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија

Сериски број на опрема на мрежна завршна точка
HGW (Home Gateway) /ONT (Optical Network Terminal):
STB (Set - Top - Box) 1:
STB (Set - Top - Box) 2:

Контакт телефон*

*За прашањата поврзани со ова барање и со понудените услуги и дадените согласности во барањето, можете да ме контактирате на наведениот контакт мобилен телефон.

Забелешка

Опис на 3 Max пакетот ______XXXXX____
Линиска брзина, (download/upload) - ________________ Вклучен интернет месечен сообраќај (download + upload) - (_____) **; Вклучена 1(една) e-mail адреса; Вклучена динамичка IP адреса. Вклучен _____ минути сообраќај без дополнителен надомест за корисниците на ________ пакетот кон фиксни дестинации во мрежата на Македонски Телеком АД - Скопје ***(ова не ги вклучува броевите со специјална наплата како 188, 142____, 0500 ___ и сл.). Овозможен бесплатен Hotspot пристап. Вклучен Loop 1GB промотивно еден месец****
Претплатникот добива пристап до ТВ каналите наведени во прилогот составен дел на овој Анекс. Составен дел на овој Анекс е и Упатството за употреба на MaxTV.
Пристапот до останатите пакети на ТВ канали се наплаќа според тековниот Ценовник на услуги. Вклучена е и дополнителната карактеристика EPG - Електронски програмски водич.Услугата Видео на барање (VoD - Video on Demand) се наплаќа дополнително во зависност од категоријата на избраната содржина.

* Линиската брзина го означува вкупниот проток на податоци преку ADSL линијата со IP протокол кој може да се оствари по основ на сите услуги, вклучувајќи интернет, телефонија и телевизија. Брзината на пристап на интернет услугата може да зависи од повеќе фактори како што се: брзината на веб сајтот на кој се пристапува, оптовареноста на глобалната интернет мрежа, конфигурацијата на компјутерот на корисникот, растојанието од ADSL приклучокот до мрежната инфраструктура, бројот на MaxTV канали кои се гледаат/снимаат додека се пристапува на интернет и други фактори. Ако не може да се постигне линиската брзина дефинирана со пакетот, Македонски Телеком АД – Скопје се обврзува да ја испорача највисоката можна брзина, при што минималната брзина на проток на податоци нема да биде помала од ___________во 95% од времето во текот на еден месец, во случај кога не е надминат вклучениот интернет сообраќај.

**Доколку интернет сообраќајот во пакетот _______надмине _____ GB месечно брзината на пристап се намалува на ________

***Вклучените телефонски разговори во рамките на мрежата на Македонски Телеком АД - Скопје во пакетот _______ се лимитирани на______ минути. По надминување на сообраќајот вклучен во пакетот, ќе важат редовните цени за повици во рамките на мрежата на Македонски Телеком АД - Скопје.

****Loop претставува услуга за складирање, споделување и преглед на слики и видеа, преку смартфон, таблет, компјутер или MaxTV.

Македонски Телеком АД - Скопје не го ограничува користењето на услугите или апликациите кои се достапни преку услугите предмет на овој Анекс, ниту прави обликување на сообраќајот или негово мерење со што би го загрозил или било како ограничил користењето на сите услуги предмет на овој Анекс.
За дополнителните услуги се наплаќа согласно Ценовникот на Македонски Телеком АД - Скопје.
Македонски Телеком АД - Скопје го задржува правото на промена на ТВ каналите. За промените, претплатниците ќе бидат навремено известени.

**Член 1 Предмет**

Предмет на овој Анекс кон Договорот за засновање на претплатнички однос за обезбедување пристап кон јавната комуникациска мрежа и користење на јавните комуникациски услуги е уредување на правата и обврските при користење на 3 Max пакетот услуги на Македонски Телеком АД – Скопје (во понатамошниот текст: Операторот) и Претплатникот, како договорни страни.
3 Max се комбинирани кориснички пакети на Операторот, кои се состојат од користење на јавни услуги на говор преку интернет протокол, интернет пристап и телевизија преку интернет протокол, преку мрежата на Операторот (понатаму: услугата).

**Член 2 Услови и времетраење на користење на услугата**

Овој Анекс е со важност за период од ___________месеци, сметано од денот на неговото склучување,.
Доколку, за времетраењето на периодот за кој е склучен овој Анекс, Претплатникот поднесе до Операторот Барање за ставање на услугата во мирување, тогаш времетраењето на овој Анекс ќе се продолжи пропорционално за времето наведено во Барањето за мирување на услугата.
Операторот ќе го извести Претплатникот во рок не пократок од 30 дена пред истекот на времетраењето на договорот за истекот на задолжителното времетраење на договорот. По истекот на задолжителното времетраење , Анексот продолжува на неопределено време, согласно цените и условите на истиот тарифен модел/ пакет за неопределено време.

**Член 3 Обврски на договорните страни**

Операторот се обврзува:
Да му ја предаде на Претплатникот или да ја инсталира опремата на мрежната завршна точка, која е сопственост на Операторот, кај Претплатникот на локацијата која Претплатникот ја навел во моментот на потпишување на овој Анекс.
Доколку постои техничка можност на Претплатникот да му ја обезбеди услугата, предмет на овој Анекс, во рок од 30

Доколку Претплатникот во периодот на задолжително траење на овој Анекс, мигрира во друг соодветен пакет 3 Max, 2 Max, Call & Surf, MaxADSL или Optic пакет со договор на определено време, склучувањето на новиот Анекс не подразбира раскинување на договорот или овој Анекс, во смисла на одредбите од членот 4 од овој Анекс.

**Член 6** **Решавање на спорови**

Во случај на спор, двете Договорни страни најпрвин ќе се обидат спорот да го разрешат спогодбено, во спротивно за истиот ќе одлучува надлежниот суд во Скопје.

**Член 7** Овој Анекс е составен во 2 (два) истоветни примероци, од кои 1 (еден) за Претплатникот и 1(еден) за Операторот и истиот влегува во сила со денот на неговото потпишување, а од денот на активирањето на услугата, предмет на овој Анекс, почнуваат да течат обврските за плаќање на месечната претплата, како и другите надоместоци за користење на услугите.

Претплатник

_________________

Оператор

_________________

ПРИЛОГ кон Анексот за користење на 3Max (Basic /Start /Comfort/) пакет услуги



| | | |
|---|---|---|
| Рекламирана линиска брзина за интернет | Basic | mb/s |
| | Start | mb/s |
| | Comfort | mb/s |

**Минимална брзина**

| | |
|---|---|
| Basic | mb/s |
| Start | mb/s |
| Comfort | mbs |

Линиската брзина го означува вкупниот проток на податоци преку ADSL линијата со IP протокол кој може да се оствари по основ на сите услуги, вклучувајќи интернет, телефонија и телевизија. Брзината на пристап на интернет услугата може да зависи од повеќе фактори како што се: брзината на веб сајтот на кој се пристапува, оптовареноста на глобалната интернет мрежа, конфигурацијата на компјутерот на корисникот, растојанието од ADSL приклучокот до мрежната инфраструктура, бројот на MaxTV канали кои се гледаат/снимаат додека се пристапува на интернет и други фактори.

Ако не може да се постигне линиската брзина дефинирана со пакетот, Македонски Телеком АД – Скопје се обврзува да ја испорача највисоката можна брзина, при што минималната брзина на проток на податоци нема да биде помала од ____________ во 95% од времето во текот на еден месец, во случај кога не е надминат вклучениот интернет сообраќај.

Македонски Телеком АД - Скопје не го ограничува користењето на услугите или апликациите кои се достапни преку услугите предмет на овој Анекс, ниту прави обликување на сообраќајот или негово мерење со што би го загрозил или било како ограничил користењето на сите услуги предмет на овој Анекс.

# Општи услови
за засновање претплатнички однос и користење на услугите на Македонски Телеком АД - Скопје

# Општи услови
## за засновање претплатнички однос и користење на услугите на Македонски Телеком

СОДРЖИНА

| | |
|---|---|
| СОДРЖИНА | 2 |
| Вовед | 3 |
| Основни одредби | 3 |
| Значење на изразите содржани во општите услови | 4 |
| Договорни страни на договорот за засновање претплатнички однос | 4 |
| Тарифни модели и дополнителни услуги | 5 |
| Потребен квалитет на услугите | 6 |
| Цени и плаќање | 6 |
| Засновање претплатнички однос | 9 |
| Ограничување или прекин на пристапот до јавните комуникациски услуги | 13 |
| Останати услуги | 16 |
| Права и обврски на договорните страни | 19 |
| Траење и раскинување на договорот, прекин на претплатничкиот правен однос | 22 |
| Приговори | 23 |
| Завршни одредби | 24 |

## ВОВЕД

Општите услови за засновање претплатнички однос и за користење на услугите на Македонски Телеком АД Скопје (во понатамошниот текст: Општи услови), ги содржат и ги регулираат општите услови на Стандардниот претплатнички договорот за засновање претплатнички однос за обезбедување пристап кон јавната комуникациска мрежа и користење на јавните електронски комуникациски услуги на Македонски Телеком (во понатамошниот текст: Договорот), вклучувајќи ги правата и обврските на договорните страни.

Овие Општи услови се во согласност со Законот за електронските комуникации, Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст: Правилникот), како и со другите релевантни правила и прописи.

Македонски Телеком АД Скопје (во понатамошниот текст: Македонски Телеком) може, особено доколку тоа го налагаат пазарните услови или законската регулатива, да ги промени и/или дополни овие Општи услови.

Овие Општи услови и нивните измени се достапни на увид на секое продажно место на Македонски Телеком, како и на веб-страницата www.telekom.mk.

Како составен дел на овие Општи услови се сметаат електронските записи од евиденцијата на Македонски Телеком за извршено активирање и деактивирање на определени основни и дополнителни комуникациски услуги, како и записите за извршено активирање и деактивирање по пат на јавување на бесплатниот телефонски број 122 на Контакт центарот на Македонски Телеком.

Овие Општи услови ќе се применуваат со денот на нивното објавување на веб-страницата www.telekom.mk и ќе се однесуваат на сите претплатници, кои се крајни корисници на јавните електронски комуникациски услуги на Македонски Телеком по тој датум.

Врз основа на однапред познати услови и критериуми, претплатник може да склучи и дополнителни комерцијални договори за користење на услугите на Македонски Телеком, со кои можат да бидат предвидени права и обврски кои се поинакви од наведените во важечките Општи услови.

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### 1.1. Предмет на Општите услови

Со овие Општи услови, покрај другото, подетално се регулираат условите содржани во Стандардниот претплатнички договор, склучен помеѓу Македонски Телеком, како оператор на јавна комуникациска мрежа, од една страна, и претплатниците, како крајни корисници на јавните електронски комуникациски услуги, од друга страна.

Во смисла на овие Општи услови, услугите на Македонски Телеком опфаќаат: приклучување на јавната електронска комуникациска мрежа, пристап на јавната електронска комуникациска мрежа, јавни електронски комуникациски услуги, услуги со додадена вредност, како и дополнителни услуги кои се овозможуваат врз основа на овие Општи услови и Договорот. Овие Општи услови не се однесуваат на услугата пренос на говор по пат на телефонски говорници на Македонски Телеком, услугите кои ги обезбедува друг оператор, како и на другите услуги што во понатамошниот текст се децидно исклучени.

### 1.2. Предмет на Договорот за засновање претплатнички однос

Основа за засновање претплатнички однос за користење на услугите на Македонски Телеком е договор склучен помеѓу Македонски Телеком и претплатникот на услугите. Со Договорот помеѓу Македонски Телеком и претплатникот се регулираат и посебни услови со согласност на двете страни.

### 1.3. Обезбедување јавни електронски комуникациски услуги

Македонски Телеком обезбедува електронски комуникациски услуги во согласност со Законот за електронски комуникации (во понатамошниот текст: Законот) и подзаконските акти. Јавните електронски комуникациски услуги се достапни на секој корисник според недискриминаторски, објективни и транспарентни услови, освен во случаи на ограничувања што се во врска со капацитетот на Македонски Телеком.

Македонски Телеком нема да одбие да задоволи разумно барање за електронска комуникациска услуга од страна на кое било лице што е подготвено да ги прифати и да ги почитува условите за користење на услугите на Македонски Телеком.

Македонски Телеком обезбедува приклучок и/или пристап до јавната електронска комуникациска мрежа и/или до јавните електронски комуникациски услуги на своите претплатници - крајни корисници во согласност со листата на јавно објавени услуги, содржана во официјалниот Ценовник на Македонски Телеком, врз основа на склучен договор, а по претходно добиено барање за склучување претплатнички договор, освен во случаи на ограничувања што се во врска со капацитетот и техничките можности на Македонски Телеком, за кои во писмена форма го известува подносителот на барањето.